Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-370/6
29-12-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-370/1 од 26.05.2023 година, поднесена од [redacted] од Прилеп против [redacted] за заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз [redacted] од Прилеп врз основ на друго уверување и друг основ сторена од страна на [redacted] во областа на членување и дејствување во политички партии, здруженија, фондации, синдикални или други организации засновани на членство.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 26.05.2023 година лицето [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Прилеп, поднесе Претставка бр. 08-370/1 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Во натамошниот текст: Комисијата). Подносителката ја доуреди целосно претставката согласно член 24 став 1 и став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација на 15.06.2023 година. Во претставката подносителката тврди дека е сторена дискриминација од страна на [redacted] врз неа, без да наведе конкретен дискриминаторски основ, односно посочува друго уверување и друг основ во електронската пријава на претставка.

Имено, подносителката истакнува дека по поднесено барање за истапување од членство во синдикатот, истото и било одбиено на ден 29.03.2023 година со Известување бр. 0302-338/1 со образложение дека таа користела права од колективен договор. Потоа, подносителката со Изјава на нотар од 07.04.2023 година поднела ново барање за истапување, на што телефонски и било одговорено дека нема потреба од да добие писмен одговор на второто барање. Таа во претставката тврди дека како член на синдикатот не користела никакви права повеќе од останатите вработени кои не се членови на синдикатот, а се вработени во општина Прилеп. Исто така, подносителката истакнува дека со Одлука бр. 0302-708/1 од 25.10.2022 година Извршниот одбор Синдикатот на УПОЗ биле прифатени барања за 5 вработени (наведени по име и презиме во приложено Известување) кои користеле исти права по колективен договор како неа. На крајот, таа наведува дека нема користено никакви

права повеќе од сите вработени кои не се членови на синдикатот или од членовите кои се веќе отчленети со Одлуката, дури немала ниту користено купување на рати од фирми со кои има склучено договор Синдикатот на УПОЗ. Со тоа таа наведува дека не е третирана исто како и останатите 5 вработени кои биле отчленети под исти околности.
Кон претставката подносителката во копии приложи Известување бр. 0302-708/1 од 25.10.2022 година на Синдикатот на УПОЗ до општина Прилеп, Одговор бр. 0302-338/1 од 29.03.2023 година на Синдикатот на УПОЗ, Изјава заверена од нотар на подносителката и Барање бр. 15-1339/1 од 07.04.2023 година до општина Прилеп.

Во дописот до Комисијата за изјаснување по наводите во претставката, заведен под бр. 08-370/5 од 07.07.2023 година, [redacted] наведува дека [redacted] на ден 29.03.2023 година со известување број 0302-338/1, била известена дека не може да излезе од [redacted] согласно член 19 од Статутот на [redacted]. Известувањето било изработено врз основа на тоа што согласно член 19 став 2 од Статутот на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ (УПОЗ) кој гласи: „Членот не може да истапи од [redacted] и во случаите кога користел право од Колективен договор, потпишан од [redacted] или право од работен однос регулирано со друг документ (Спогодба, Договор и слично) ако со тие права членот добил финансиски бенефит или подобрување на неговиот статус на работното место, како и правна помош при учество во судски спорови, дисциплински постапки и други правни постапки во кои членот бил застапуван од [redacted] и член 19 став 3 според кој „Дококлу членот користел права од ставовите 1 и 2 на овој член не може да истапи во период од три години од денот на поднесување на барањето за истапување“. Понатаму, истакнуваат дека подносителката како вработена во општина Прилеп и член на [redacted] за 2022 година со Решение број 03-2314/1 од 12.07.2022 година остварила право на регрес за годишен одмор согласно Колективниот договор за вработените во општина Прилеп потпишан помеѓу Синдикатот на УПОЗ и општина Прилеп, со Решение број 04-4239/1 од 05.12.2022 година остварила право на 13-та плата Колективниот договор за вработените во општина Прилеп потпишан помеѓу [redacted] и општина Прилеп, со Решение број 04-1591/1 од 02.05.2023 година остварила право за исплата на бонус плата право предвидено со Колективниот договор за вработените во општина Прилеп потпишан помеѓу [redacted] и општина Прилеп и Решение за платено отсуство со број 04-51/2 од 04.01.2023 година кое право е предвидено во Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на РСМ, судовите, јавните обвинителства, казнено поправните и воспитно поправните установи, државното правобранителство, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на РСМ (Службен весник на РСМ бр. 51/2020 и 172/2021). Воедно, истакнуваат дека тврдењето за тоа дека Извршниот одбор при Синдикатот на УПОЗ, прифатил барања на одредена

група вработени за истапување биле точни, но таа група на вработени не ги оствариле правата со оглед на тоа што се зачлениле во [redacted] во 2022 година, и веќе во месец октомври 2022 година поднеле барање за истапување без да имаат остварено финансиско право согласно Колективниот договор за вработените во Општина Прилеп. Следствено на тоа, тие истакнуваат дека тврдењата на подносителката се во целост неосновани и дека истата има остварено финансиски права предвидени во Колективниот договор за вработените во Општина Прилеп.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дискриминација согласно член 6 од истиот Закон е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Комплементарно на наведеното, директна дискриминација, согласно член 8 став 1 од Законот, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Оттука, Комисијата утврди дека врз подносителката не е сторена директна дискриминација од страна на [redacted]

Имено, за да се смета постапувањето на [redacted] за директна дискриминација во смисла на член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, потребно постоење на споредлива ситуација за да се утврди дека подносителката била ставена во понеповолна положба во однос на друго лице или лица, како и таквото постапување на Синдикатот да биде каузално поврзано со определена карактеристика, односно обележје својствено за подносителката како дискриминаторски основ во смисла на член 5 од горенаведениот Закон.

Согласно истакнатите наводи на [redacted] посочените 5 вработени во претставката на подносителката, не биле во иста ситуација или пак слична споредлива ситуација со подносителката.

Оттука, иако можеби во конкретниот случај да се работи за спор во врска со евентуална повреда на колективно право од работен однос, сепак истото согласно утврдената фактичка состојба не претставува директна дискриминација согласно горенаведената одредба од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација,
Претседател,
Игор Јадровски

*Доставено до:*

1. [redacted]
3. *Архива на Комисијата*